

# УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

# Ss. CYRIL AND METHODIUS UNIVERSITY IN SKOPJE

70 ГОДИНИ

# За програмата

***Музичко-поетскиот перформанс концепциски го обликуваше проф. д-р Димитрије Бужаровски од Факултетот за музичка уметност – Скопје, на кој во изборот на поезијата му помогна проф. д-р Весна Мојсова-Чепишевска од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“. Програмата концепциски го заокружува минатото, сегашноста и иднината на македонската култура, образование и уметност како крстосница на културите на Истокот и Западот. Низ неа ќе биде прикажано творештвото на повеќе професори и декани на факултетите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Блаже Конески, Властимир Николовски, Гане Тодоровски, Томислав Зографски, Димитрије Бужаровски и Гоце Коларовски.***

ПРВОТО ДЕЛО НА ПРОГРАМАТА *Стари Танци* ПРИПАЃА НА ОПУСОТ НА КОМПОЗИТОРОТ ВЛАСТИМИР НИКОЛОВСКИ, КОЈ ВОЕДНО Е И ПРВ ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ. ОД НЕГО ЌЕ БИДАТ ИЗВЕДЕНИ ДВА СТАВА „РОНДО“ И „МУЗЕТА“, КОИ СЕ НАПИШАНИ ВО МАНИРОТ НА ЗАПАДНОЕВРОПСКАТА БАРОКНА ТРАДИЦИЈА.

*Властимир Николовски*
*Стари Танци*

IV Рондо

VII Музета

ИСПОЛНУВА СИМФОНИСКИОТ ОРКЕСТАР НА ФМУ
ДИРИГЕНТ: ПРОФ. М-Р БОРЈАН ЦАНЕВ






Песната *Стари дедо овци пасе* од композиторот Томислав Зографски нè врзува со Илинденскиот период, уште еден значаен момент од македонската историја.

## *Томислав Зографски*
## *Стари дедо овци пасе*

*Стари дедо овци пасе*
*горе на Пирина.*
*Стадото му кротко пасе*
*трева детелина.*

*Стари дедо с' кавал свири*
*свири и нарежда:*
*– Де е Гоце, де е Јане,*
*нашите другари?*

*Де е Гоце, де е Јане*
*нашиот цар пирински?*
*Знамето ни да развеат*
*низ Македонија.*

Вонр. проф. д-р Горан Начевски – баритон, ФМУ
Хорот „Драган Шуплевски" и Симфонискиот оркестар на ФМУ
Диригент: проф. м-р Сашо Татарчевски

